СУГС Гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ – Скопје

# САМОЕВАЛУАЦИЈА 2023-2025 ГОДИНА

## Содржина

1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ........
1.1 Реализација на наставните планови и програми ........
1.2 Квалитет на наставните планови и програми ........
1.3 Воннаставни активности........
1.4 Анонимен прашалник за ученици во рамките на самоевалуација ........
2 ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ ........
2.1 Постигнувања на учениците........
2.2 Задржување /осипување на учениците ........
2.3 Повторување на учениците ........
2.4 Анонимен прашалник за ученици во рамките на самоевалуација ........
3 НАСТАВА И УЧЕЊЕ........
3.1 Анонимен прашалник за ученици во рамките на самоевалуација ........
4 Поддршка на учениците ........
4.1 Анализа на анкета – поддршка на учениците ........
5 УЧИЛИШНА КЛИМА........
5.1 Училишна клима и односи со училиштето........
5.2 Промовирање на постигањата........
5.3 Еднаквост и правичност........
5.4 Соработка и партнерски однос со локалната заедница ........

5.5 Анализа на анкета – училишна клима

6 РЕСУРСИ

6.1 Сместување и просторни капацитети

6.2 Наставни средства и материјали

6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

6.5 Финансиско работење на училиштето

6.6 Анализа на анкета – ресурси

7 УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

7.1 Управување и раководење со училиштето

7.2 Цели и креирање на училишна политика

7.3 Развојно планирање

# 1 НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

| Теми | - **Применувани наставни планови и програми**<br>- **Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>- **Приспособување на наставните програми на децата со посебни образовни потреби**<br>- **Избор на наставни предмети**<br>- **Планирање на активности за реализација на проектните активности на училиштето**<br>- **План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди**<br>- **Реализација на проширени програми** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Наставни планови и програми донесени од БРО<br><br>Годишни – тематски планирања на наставниците | Наставата се изведува во согласност со донесените програмски документи од МОН.<br>Наставата се остварува преку утврден наставен план кој опфаќа четири организациско-содржински компоненти, додатна, дополнителна и продолжителна настава и слободни ученички активности. |
| Нормативни акти на училиштето,<br><br>Педагошка евиденција и документација<br>Записници од родителски совети на училиштето,<br><br>Записници од родителски средби, | Во училиштето се застапени сите образовни подрачја од гимназиското образование, секако во согласност со интересот на учениците. Уште при запишувањето во прва година учениците се определуваат за едно од шесте образовни подрачја: природно-математичко (А или Б), општествено-хуманистичко (А или Б) и јазично-уметничко (А или Б).<br>Врз основа на Наставните планови и програми на ниво на активи се изработуваат годишни глобални и тематски планови, со цел за поефикасна и поквалитетна настава и постигнување максимален развој и едукација на учениците во воспитно – образовниот процес. |

| | |
|---|---|
| Записници од наставнички совети на училиштето и активите,<br><br>Годишна програма на училиштето,<br><br>Стручни упатства и насоки за операционализација на наставните програми | Во планирањата 20% од часовите се предвидени да се реализираат со помош на ИКТ. Решавањето на проблемот со преоптовареноста и несоодветноста и застареноста на програмите, издвојуван во претходните процеси, повторно се нагласува како клучен фактор за подобрувањето на квалитетот на воспитно образовниот процес. Програмите не дозволуваат наставникот да ја определува динамиката со која ќе се реализираат часовите поаѓајќи од сопствените согледувања. Не дозволуваат ниту планирање и реализирање на поголем број часови за повторување, утврдување, вежби и систематизација на планираните содржини.<br>Изборните предмети се застапени во втора година каде од предложените шест предмети учениците избираат еден предмет. Тоа се врши со писмена изјава на ученикот и родителот. Преку изборните предмети учениците ги прошируваат и продлабочуваат знаењата, способностите и вештините од областите за кои се определиле. Обемот на изборните предмети постепено се зголемуваат од втора до четврта година и тие се инкорпорирани во наставните планови по одредените наставни подрачја. Изборните предмети се во функција на професионалната ориентација на учениците и нивна подготовка за поквалитетно следење на повисокиот степен на образование.<br>Изборните предмети се задолжителни за ученикот и влијаат на општиот успех. Планирањето и реализирањето на овие часови се одвива според истите критериуми и квалитет како наставата за задолжителните предмети.<br>Делот од планирањата (годишни, тематски, оперативни) што се однесува на оценувањето е конципиран во согласност со пропишаните стандарди и критериуми од МОН. Иако во училиштето се работи на воедначување на критериумите за оценување очекуваното ниво не е постигнато. Во најголем дел од планирањата критериумите се општо дефинирани. Недоволен број наставници критерумите ги специфицираат според одделните теми и наставни содржини.<br>Освен изборните предмети во училиштето се реализираат и проектни активности. Програмите се дадени од повеќе области и следејќи ги личните интереси и афинитети учениците изборот го вршат самостојно, а училиштето во целост ги почитува. Секој ученик избира по две проектни активности од прва до четврта година. Од вкупниот број 35 часа 15 часа се теоретски со менторите, а 20 часа индивидуална работа. Анализите покажуваат дека не секогаш навремено и одговорно се извршуваат обврските околу планирањето и реализацијата на проектните активности.<br>За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира |

| | |
|---|---|
| | дополнителна настава. Предметниот наставник е задолжен да изведува дополнителна настава ако по предметот се евидентираат негативни оценки. Секој предметен наставник задолжително треба да направи распоред за изведување на дополнителна настава и распределение за содржините и со истите навреме да ги запознае учениците. Годишните планови за дополнителна настава се разгледуваат и усвојуваат на состаноците на стручните активи. Содржините во плановите се распоредени по месеци и усогласени со наставните програми. Часовите и присуството на учениците дел од наставниците редовно го евидентираат.<br>И покрај заложбите и воспоставените механизми, присуството на учениците на овие часови секоја следна година минимално се зголемува (во просек 25-35% од учениците присуствуваат на овие часови).<br>За учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат натпросечни резултати и ќе покажат зголемен интерес за оделни научни и наставни содржини се организира додатна настава преку која се обезбедува проширување и продлабочување на содржините на одредени предмети и подрачја и учество на учениците на натпревари.<br>Предметните наставници изработуваат распоред со однапред подготвени распределенија и ги запознаваат учениците со содржините и распоредот уште на почетокот на учебната година. Додатна настава се одржува и за учениците од завршните години како подготовка за Државна матура.<br>Согласно Календарот за организација на учебната 2023/2024 година, учебната година започна на 1 септември 2023 година, а завршува на 31 август 2024 година.<br>Наставната година започна на 1 септември 2023 година и заврши на 9 јуни 2024 година, освен за учениците од завршната година од гимназиско образование за кои редовната настава завршува на 20 мај 2024 година.<br>Во училиштето има прилагодени посебни програми за деца со посебни потреби.<br>Ученичките екскурзии претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се прошируваат општите знаења на учениците. Во текот на учебната 2023/2024 сите екскурзии предвидени според Програмата за работа на Училиштето и беа успешно реализирани. Прва година- 22.04 и 23.04.2024г, втора година- 18.04 и 19.04.2024г и трета година- 06.04 до 11.04.2024г<br>Наставниците, претставниците од стручните служби и останатите вработени во училиштето, користат различни прилики и можности за запознавање на родителите и учениците со |

| | |
|---|---|
| | содржините на наставните планови и програми во училиштето. Најчеста можност за тоа се родителските средби, како и индивидуалните средби на кои истите се образложуваат.<br>Учениците редовно се информираат за наставните планови и содржини, како и за задачите и целите на истите во текот на учебната година, од предметните наставници, раководителите на паралелките, е-дневникот, како и веб-страницата на училиштето. Секоја забелешка или позитивна идеја сериозно се зема и разгледува на Наставничкиот совет со продлабочена анализа за нејзино соодветно реализирање. Се прават напори родителите активно да се вклучат во реализацијата и организацијата на училишниот живот, унапредувањето и подобрувањето на стандардите на училиштето.<br>Теми од екологијата во корелација со другите содржини се планираат и реализираат во рамките на 30% од часовите по сите предмети.<br>Училиштето како воспитно-образовна институција се залага еколошките содржини од еколошката програма да се интегрираат во работата на училиштето преку долгата меѓусебна соработка со разни институции, Го Грин,Пакомак и др. Училиштето се вклучува во реализацијата на активностите на општина Центар, Град Скопје, Македонска радио-телевизија, Драмски театар, Министерство за животна средина и просторно планирање,и други институции, преку ликовни и драмски еко-активности. Со оваа соработка на релација институции - училиште, се јакне самодовербата, иницијативноста, одговорноста и почитувањето на основните човечки вредности во нашето мултикултурно општество. |

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

| **Теми** | - **Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br>- **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>- **Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Извештаи од стручни активи,<br><br>Нормативни акти на училиштето,<br>Разговор со наставници-родители,<br><br>Записници од активи на наставници,<br>Записници од родителски средби, Совет на родители, Училишен одбор. | Наставата во нашето училиште се изведува на македонски наставен јазик за што се изготвени наставни планови и програми.<br>-Наставните програми континуирано се надополнуваат и осовременуваат. По предметот психологија се работи по програма изработена пред 20 години.<br>Предлог: Изработка на нова програма, прилагодена на карактеристиките, предизвиците и потребите на денешните ученици и начин на живеење и делување.<br>Предлог: Воведување на предметот Психологија како редовен, задолжителен предмет за сите ученици во средно образование во втора и трета година, а во четрта да се изучува во соодветните изборни подрачја.<br>-Критичка размисла за наставните програми по групата философски предмети<br>Од суштинско значење за подигнуваето на квалитетот на образованието во Македонија е реформирање на философското образование. Неопходно е Министерството за образование и наука да го спознае значеньето на философизата во развојот на личноста и преку неа, влијанието на философизата во разворот на севкупното општество. Соочени сме со целосна општествена декаденциа по сите основи во сите сфери на постоеьето, епистемолошка, етичка, естетичка, политичка. Учениците не умеат логички да мислат, затоа што во нашата држава логиката не се изучува како задолжителен предмет. Логиката не е природна вродена способност, туку наука, систем од знаеньа, философска дисциплина која овозможува правилно мисленье, аргументирање и критичко мисленье. Аристотеловски, таа е органон sine qua non во научното мисленье. Во нашата држава, парадоксално се мисли дека е можно да се мисли без да се знаат законите на мисленьето. Во нашата држава владее неморал, несрека и бесмисла на |

| | |
|---|---|
| | егзистенциата, а надлежните институции се уште не го согледуваат значењето на изучувањето на етиката на сите нивоа на образование. Се обидуваат лаички да го подигнат моралното и културното ниво во државата преку различни предмети кои во суштина се делови или поддисциплини на философски дисциплини. Па, наместо да воведуваат етика во религии, запознавање со религии, критичко мислење, медиумска писменост, граѓанско образование, сексуално образование, треба да се воведе интензивно философско образование низ кое учениците ке ги стекнат знаењата за соодветните проблеми.<br>Наведените проблеми се иманентен предмет на истражување единствено на философијата преку нејзините дисциплини - онтологија, гносеологија, етика, антропологија, логика, методологијата на научното истражување, философија на религијата, философија на политиката, естетиката, философијата на историата, историја на философија, педагогија, психологија. Философијата, како метанаучна позиција, е единствената која трага по тоталитетот на вистината, која е повикана да ги спознае феномените, да ја постави телеологијата и методологијата до нејзиното остварување.<br>Оттаму, неопходно е изучување на философијата во сите години од гимназиското образование и тоа во сите образовни подрачја доколку интендираме кон создавање на ученици со високо развиена свест, со креативни и критички умови кои ке ги имаат етичките вредности како индивидуални и колективни идеали. Во бесмислата на нашиот образовен систем, учениците учат философија без да знаат логика. Надлежните, очигледно, немаат компетенции за усогласување на програмите, ниту системотворна способност за создавање воспитно-образовна целина. Во една учебна година со преобемна годишна програма се изучува историјата на философијата од антика до современие. На тој начин, недостасуваат часови за практична примена на теоретски стекнатите знаења низ философски вежби, дискусии, анализи на философски текстови и сл. Програмската некоординираност се засновува и на фактот дека учениците не учат етика како задолжителен предмет и како пропедевтика во изучувањето на историјата на философијата. Етиката би им овозможила на учениците да ги сфатат етичките идеи на философите, а преку нив да се спознаат себеси и другите, да а научат етичката основа на односот кон заедницата, татковината, целото човештво, природата и универзумот.<br>Предлагаме, предметот етика да се изучува во прва и втора година, логика во трета година и философија во трета и четврта година од гимназиското образование. |

| | |
|---|---|
| Записници од наставнички совети,<br><br>Извештаи од дисиминации на обука,<br><br>Анкети со наставници, родители и ученици | Воспитно – образовниот процес се остварува преку неминовна соработка со локалната средина што придонесува за дополнително подигање на културно-образовното ниво на учениците.<br>Меѓусебната соработка со разни институции од локалното опкружување се одвива континуирано преку соодветни литературни, ликовни, спортски, драмски, еко, технички активности, меѓу кои треба да се истакнат: Општина Центар, Град Скопје, Универзитетска библиотека НУБ „Св.Климент Охридски“ – Скопје, ГБ „Браќа Миладиновци“ – Скопје, Друштвото на писателите на Македонија, Музеј на Македонија, Музеј на Скопје, МТВ, приватни ТВ куќи, Драмски театар, ЈСП Скопје, Црвен крст на Македонија, невладини организации, Центар за јавно здравје, Француски културен центар, Музеј на современа уметност, Национална галерија на Македонија, Археолошки музеј и др.<br>Во поглед на интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието во планот и програмата за работа на класните часови се планираат различни содржини од општествен и културен карактер. Се планирааат содржини од обласга на здравственото воспитување кои овозможуваат стекнување на информации за здравјето и негово унапредување и оспособување на учениците за здрав начин на живеење, се дискутира за успехот, редовноста, дисциплината, за прашања од екологијата и други теми кои ги предлагаат учениците, а кои одговараат за нивната возраст.<br>Истите се интегрираат и преку континуираната ангажираност на стручните служби (педагошката служба и училишната библиотека). |

## 1.3 Вонннаставни активности

| **Теми** | - **Обем и разновидност на планираните и реализираните вонаставни активности**<br>- **Опфатеност на учениците со вонаставни активности**<br>- **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонаставните активности**<br>- **Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонаставните активности** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Разговор со директорот,<br><br>Разговор со ученици, наставници и родители,<br><br>Педагошка евиденција и документација,<br><br>Извештаи за<br>работата на стручните активи,<br><br>Програма за дополнителна и додатна настава и програми за проектни активности | Во училиштето се планираат и рализираат вонаставни активности во кои се вклучени поголем број од учениците. Активностите се прилагодени на возраста, афинитетите и можностите на учениците. Тие ја дополнуваат редовната настава на еден интересен и за учениците подостапен пристап што влијае на нивното вкупно ниво на знаење и усвојување на дополнителни вештини. Наставниците сметаат дека активностите ги одразуваат потребите и интересите на учениците, тие во нив се вклучуваат според сопствен избор. Анализата на анкетите покажува различна перцепција од страна на учениците и родителите по прашањата поврзани со вонаставните активности. Наспроти наставниците, учениците и родителите сметаат дека бројот на планираните и реализирани вонаставни активности како и бројот на опфатени ученици треба да се зголеми. Анкетите упатуваат на тоа дека треба да се зголеми вклученоста на учениците и родителите во планирањето на овие активности. |
| Годишна програма за работа на училиштето,<br><br>Анкета,<br><br>Разговор со стручната служба,<br><br>Web-страна | Според условите во училиштето ќе се настојува да се обезбеди просторни и организациони услови за успешно реализирање на вонаставните активности.<br>Ученичките екскурзии претставуваат посебна форма на воспитно-образовна работа со која на организиран начин се проширувааt општите и посебните знаења на учениците. Се планираат еднодневни и повеќедневни екскурзии и посети од воспитен, културен, забавен и научно-истражувачки карактер со цел учениците да се запознаат со природните убавини и со културно – историските знаменитости на Република Северна Македонија и земјите од Европа. Од годишниот извештај на Гимназијата може да се забележи дека учениците се вклучени во поголем број вонаставни активности како што се: работа на проекти, драмски претстави, различни спортски активности (натпревари), учество на многубројни државни и |

| | |
|---|---|
| | локални натпревари по различни дисциплини, учество на различни манифестации во организација на училиштето и други институции и слично. Во училиштето се планираат и реализираат еколошки проекти. Во рамките на годишната програма на училиштето се планираат активности во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција на Град Скопје.<br>МИО проектот (Меѓуетничка интеграција во образованието) е поддржан од Град Скопје, УНИЦЕФ, ОПСЕ и Министерство за образование. Целта на проектот (како што кажува и самото име) е зедничка соработка на учениците и наставниците од различни етнички заедници.<br>Поаѓајќи од стратешката цел на развојот на СУГС Гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин“ одредена со задачата наставниот кадар да се оспособи и да се зајакнат неговите капацитети за следење на модерните тенденци во европското образование, а со цел подготвување на нашите ученици за предизвиците на модерното општество, нашето училиште продолжи и во учебната 2020/2021 со Еразмус+ програмата со следните проекти:<br>-STRET Toolkit-Erasmus + (прирачник) Ка2- проект за социјално претприемништво;<br>-Панда Лабс ( Erasmus проект од Џуниор Ачивмент) и освоени награди од учениците; -Junior Achievement-програма за ученички компании и претприемништво. Реализирани се неколку активности во рамките на оваа програма; - Еразмус денови -Design thinking -работилница со АРНО; -Еразмус ка1, Болоња, Италија, обука за Стрес и конфлицт менаџмент; - Skopje, РЈК, Обука за компетенции за соц.претприемништво со партнерите од Erasmus проектот со дигитални алатки<br><br>- JOB Shadowing- Iashi, Bacau ,Romania .Посета на НАВ на универзитет во Јаши и Madgore Средно училиште во Бакау. ; - Болоња, на тема ,,Меки вештини и емоционална ителигенција за наставници и образовениот кадар’’, во рамките на Еразмус програмата КА1.; - КА2 COOPERATION/PARTNERSHIP PROJECT No 2022-1-LT01-KA220-SCH-00008805 ,,STRET Teacher Toolkit 2 ’’ каде училиштето е домаќин на партнерите од Романија, Литванија и Италија. ; - Erasmus + ,,Special needs and inclusive education, the Italian experience of overcoming segregation”– Bologna италијанско искуство во надминување на сегрегација.<br><br>Очекуваните резултати од проектите се дека наставниците ќе стекнат компетенции за да можат да спроведуваат нови методологии, иновативни техники, ИКТ алатки и апликации за |

| | |
|---|---|
| | да ја направат наставата повеќе насочена кон учениците и поврзана со европскиот образовен контекст.<br>Се очекува наставниците да ги подобрат своите јазични вештини, компетенциите за оценување, планирање и управување со проекти со што ќе се зголемат можностите за партнерство со други училишта. Долгорочните придобивки ќе се видат во трансформацијата на традиционалното учење со современ пристап, каде фокусот е врз учениците. Училиштето ќе биде поотворено за европски партнерства и ќе биде повидливо во европскиот контекст, така што учениците ќе се здобијат со вештини и компетенции и на тој начин ќе имаат подобар пристап до можностите за мобилност во високото образование. |
| | |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со програмските документи на МОН.<br>Наставните планови и програми се квалитетно изготвени и во пропишаниот обем.<br>На почетокот на учебната година професорите ги информираат учениците за содржините и временската рамка за реализација на наставните програми.<br>Училиштето нуди повеќе од три изборни предмети и учениците самостојно одлучуваат во изборот на предметите.<br>Училиштето има План на активности за реализација на еколошки проекти (во тематските планови се инкорпорираат еколошки содржини).<br>Во училиштето постојат примери за вградување на меѓупредметните цели (развивање самодоверба, одговорност, почитување на различноста и сл.) во предметните програми.<br>Преку вонннаставните активности се негува толеранцијата и хуманите меѓучовечки односи без оглед на половата и етничката припадност на учениците или нивниот социо-економски статус.<br>Постои особена мотивација на учениците да работат на проекти од различен вид за сопствен развој и за афирмација на училиштето;<br>Учениците максимално се поттикнуваат да учествуваат во разновидни манифестации во и надвор од училиштето.<br>Учениците во голем број учествуваат на натпревари од различен вид, на локално, национално и меѓународно ниво при што постигнуваат и значителни резултати со што придонесуваат за поширока афирмација, зацврстување и подигнување на угледот на училиштето. |
| Слаби страни | Да се работи на мотивација на учениците со нагласување на придобивките од нивно следење (поправање на |

| | |
|---|---|
| | негативните оценки, добивање повисоки оценки, поуспешно совладување и разбирање на материјалот...).<br>Иако во училиштето се работи на изедначување на критериумите за оценување, очекуваното ниво не е постигнато. Покрај почитувањето на општите критериуми за оценување, предлагаме стручните активи да продолжат да работат на донесување на поспецифицирани критериуми што ќе се однесуваат на одделните теми и наставни содржини.<br>Недоследности во реализација на проектните активности. Навремено планирање на проектните активности и реализирање според определената временска рамка.<br>За реализацијата на воннаставните активности само мал дел од професорите изработуваат годишни планови. За вклучување на поголем број ученици и систематизиран пристап во нивна реализација се препорачува задолжитено нивно годишно планирање и нивно структурирање во форма на работа на училишни секции.<br>Учениците да земат поактивно учество во планирањето на воннаставните активности со сопствени идеи и предлози во поглед на изборот на воннаставните активности и начинот на нивната реализација.<br>Недоволна вклученост на родителите во реализирањето на воннаставните активности. Преку УО и СР родителите активно да се вклучат во планирањето и резлизирањето на овие активности.<br>Потребна е поголема информираност и инволвираност на родителите во воннаставните активности поврзани со еколошките теми како што се еко-секциите и други еко активности. |

## 1.4 Анонимен прашалник за наставни планови и програми во рамките на самоевалуација













Во постоечките наставни програми се води сметка за содржинската корелација помеѓу предметите
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Наставниците можат да влијаат врз креирање на наставните планови и програми
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Во наставните планови и програми вклучено е стекнување со сите потребни знаења, вештини, ставови, компетенции, вредности
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик

# 2 ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1 Постигнувања на учениците

| **Теми** | - **Следење на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност според наставни предмети и според квалификациски периоди**<br>- **Подобрување на постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност**<br>- **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**<br>- **Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>- **Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Извори од стручната служба (извештаи за успехот и редовноста во учебната 2023/2024година) | Постигнувањата на учениците во училиштето се следат во континуитет од страна на сите што се директно и индиректно вклучени во образовниот процес: предметните наставници, раководителите на паралелките и претставниците на стручната служба во училиштето. |
| Дневници на паралелките,<br><br>Евидентни листови за успех и поведение,<br><br>Записници од наставнички совет и совет на паралелката,<br><br>Записници од стручни активи, | 1. Наставата, задачите и активностите се прилагодени на индивидуалните потреби на учениците<br><br>- Со цел прилагодување на индивидуалните потреби на учениците потребно е во постоечките организациони рамки на наставата во училиштето да се намали бројот на ученици по клас.<br><br>2. Внимателно се рангираат учениците и се води сметка секо ученик различно да се стимулира според неговите способности и афинитети |

| | |
|---|---|
| | - <br><br> Создаваье на позитивна клима каде грешките се користат за стимулирање на критичко размислуванье и напредуванье. <br><br> 3. Оценуваьето е континуиран процес во текот на поучуваьето и наставата <br><br> - Се согласуваме <br><br> 4. Наставниците добро ги познаваат своите учениците <br><br> Подобро запознаванье со потребите и карактеристиките на учениците преку неформални разговори со нив, и соработка преку вон наставни активности каде климата за работа е поралаксирана. <br><br> 5. При оценуваьето се води сметка за индивидуалното напредување на учениците <br><br> Секоја активност на учениците е забележана во педагошка евиденциіа, според коа се <br><br> формира целосна слика за напредувњето на учениците. Се опфаќа секој тип на активност во текот на целата година за да се постигне целосна слика за ученикот. <br><br> 6. Со учениците се разговара за нивните постигнуваньа <br><br> - Транспарентно се разговара за сите постигнуваьа. <br><br> 7. Наставниците ги информираат учениците за нивните постигнувања <br><br> - Навремено и со различни проверки на знаенье се оценуваат учениците. <br><br> 8. Наставниците го користат оценувањето како показател за нивната ефикасност при проучуваньата и насока за понатамошна работа <br><br> - Базирано на проверките на знаење професорите да ги адаптираат часовите кон потребите на учениците, посебно во областите каде е увидено дека се покажани |

| | |
|---|---|
| | послаби резултати.<br><br>9. Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците заради следење на напредувањето на своето дете<br><br>-Постои редовна и навремена комуникација и соработка.<br><br>10. Родителските средби се добро организирани и осмислени<br><br>- Нема забелешка.<br><br>11. Информациите за термините на одржување на родителските средби се навремени<br><br>- Нема коментар.<br><br>12. Забелешките од родителите за постигањата и оценувањето се уважуваат и разгледуваат<br><br>Забелешките се секогаш и во целост разгледани и анализирани преку родителски средби, совет на родители, приемни денови, итн.<br><br>13. Предлозите од родителите за подобрување на наставата се уважуваат и разгледуваат<br><br>- Предлозите од родителите се анализираат и по можност адаптираат во интерес на учениците и квалитетот на наставата, посебно преку родителски средби каде секо<br><br>предлог се пренесува до соодветните професори и се гледа можноста за апликација на<br><br>предлогот.<br><br>14. Наставниците континуирано го следат и бележат напредувањето на учениците<br><br>- Без забелешка. |

| | |
|---|---|
| | 15. Мислењето на учениците за состеното напредуваье се зема предвид при оценуваьето<br><br>- Наставниците да ги поттикнат учениците да се информираат за очекувањата и целите на наставните целини, да се создаде позитивна клима за комуникација при нејаснотии во текот на наставата и да има реални очекувања и самокритика за сопствениот напредок.<br><br>16. Наставниците ги поттикнуваат учениците да преземат одговорност кон својта работа<br><br>-Нема забелешка.<br><br>17. Учениците со посебни потреби имаат поддршка за редовно следење на наставата во училиштето<br><br>- Постои континуирана поддршка и следење на учениците со посебни потреби, работата и постигнувањата се раководат според ИОП кој се изработува со редовна комуникација со службата на училиштето.<br><br>Постигнувањата на учениците се предмет на разгледување на сите тела и сите нивоа на одлучување во училиштето: советите на паралелката, родителските средби и наставничките совети кои редовно се одржуваат по завршувањето на квалификациските периоди. Раководителите на паралелките задолжително изготвуваат детални извештаи за секој квалификацикси период, за секој предмет одделно, а потоа врз основа на тие податоци, стручната служба на училиштето изготвува статистички прегледи за постигнувањата на учениците според различни критериуми во сите години, по сите предмети. |
| Анкети за ученици, наставници и родители,<br><br>Годишна програма за работа, | Ваквите активноисти даваат детален увид во постигнувањата на учениците во училиштето, при што резултатите можат да се споредуваат со претходните за истиот период и на тој начин да се изгради став за тоа што е најдобро да се преземе за да се подобрат идните резултати. |

| | |
|---|---|
| Годишен извештај за работата на училиштето, | Родителите редовно се известуваат за постигнувањата на учениците и на родителските средби, како и на индивидуалните средби, преку евидентни листови за успехот и поведението. Родителите, исто така, неколку години наназад имаат можност да ги следат успехот и поведението преку е-дневникот.<br>Може да се забележи дека на крајот на учебната година се подобрува успехот, поради зголемената мотивираност и активности на учениците.<br>Вработените во училиштето се ангажираат во сите активности, кои се преземаат за подобрување на постигнувањата на учениците, и тоа:<br>- организирање дополнителна настава за предметите за кои учениците покажуваат слаби резултати.<br>- организирање додатна настава за учениците коишто покажуваат особен интерес и талент за одделни предмети.<br>- педагошката служба постојано им е на располагање на учениците во текот на целото работно време во двете смени.<br>Раководителите на паралелките на класните часови постојано дискутираат со учениците на најразлични теми поврзани со училиштето, но и надвор од него.<br>- родителските средби се организираат по завршувањето на секој класификациски период и тогаш во училиштето се присутни предметните наставници, педагошката служба, директорот, при што родителите имаат можност да поразговараат подетално за своето дете.<br>- во училиштето се преземаат активности за идентификување на учениците со потешкотии во учењето, учениците со посебни потреби, но и надарените ученици. |

## 2.2 Задржување /осипување на учениците

| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
|---|---|
| Опфат на учениците, | Раководителите на паралелките најдобро можат да ги воочат различните потреби |

| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
|---|---|
| Редовност на наставата,<br><br>Осипување на учениците<br><br>Преминување на ученици од едно во друго училиште<br><br>Развоен план на училиштето | на учениците во паралелката, па оттаму започнуваат и активностите кои се преземаат за да се овозможи соодветен третман за конкретните ученици. Во овие активности се вклучени родителите, предметните наставници и претставниците на педагошката служба. Често пати, сите овие субјекти имаат најголемо влијание врз надминувањето на тешкотиите на учениците.<br>Исто така, во поглед на успехот со учениците работат повеќе субјекти во училиштето: раководителите на паралелките, главно на класните часови, предметните наставници, особено преку дополнителните и додатните часови и педагошката служба во вид на индивидуални и групни разговори.<br>Надарените ученици се идентификуваат главно од страна на предметните наставници според нивната активност на часовите, а се стимулираат со додатна настава и учества на натпревари.<br><br>Активности за подобрување на успехот на учениците се преземаат согласно резултатите добиени од обработка на податоците добиени со анкетирање на учениците.<br><br>Една од стратешките цели на развојниот план 2023-2027 е **Промоција на училиштето, со цел запишување на поголем број на ученици**<br><br>Изготвување на соодветна презентација за промоција во основните училишта, објавување на слики, видеа, активности за денот на патрониот празник, активности кои ќе ги заинтересираат младите генерации, активности на денот на вљубените/ Нова Година и слично, изработка на материјали, штандови, активности поврзнани со организацијата отворен ден на училиштето и друго. |

## 2.3 Повторување на учениците

| **Теми** | - **Ученици кои не ја завршуваат годината** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Увид на педагошка евиденција и документација,<br>Записници од наставнички совет,<br>Закон за средно образование | Во Гимназијата „Раде Јовчевски - Корчагин“ Скопје, во последните години нема ученици кои ја повторувале годината. Ако некој ученик не е задоволен од постигнатиот успех по одделни предмети, има право да поднесе приговор согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | - Систематски се следи, споредува и анализира состојбата на успехот и постигнувањата на учениците по квалификациски периоди<br>- Сите ученици ја завршуваат учебната година<br>- Училиштето ги почитува стандардите дадени од БРО<br>- Учество на учениците и постигнување високи резултати на натпревари<br>- Помош на учениците во вид на дополнителна и додатна настава<br>- Кооперативен однос на наставниците со педагошката служба<br>- Можност за модифицирање на наставните планови и програми<br>- Соодветен наставен кадар<br>- Постојано користење на IT технологија<br>- Можност за соработка со други училишта од земјата и странство<br>- Редовна обука на наставниот кадар<br>- Релативно висок среден успех во сите четири години<br>- Наставни планови за деца со посебни потреби |
| Слаби страни | - Недоследна имплементација на современи наставни методи на предавање, учење и поучување |

## 2.4 Анонимен прашалник за постигнувања на ученици во рамките на самоевалуација













Мислењето на учениците за сопственото напредување се зема предвид при оценувањето
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Предлозите од родителите за подобрување на наставата се уважуваат и разгледуваат
20
18
16
14
12
10
8
6
4
2
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Информациите за термините на одржување на родителските средби се навремени
45
40
35
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Родителските средби се добро организирани и осмислени
40
35
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Наставниците го користат оценувањето како показател за нивната ефикасност при проучувањето и насока за понатамошна работа
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Наставниците ги информираат учениците за нивните постигнувања
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците заради следење на напредувањето на своето дете
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Предлозите од родителите за подобрување на наставата се уважуваат и разгледуваат
20
18
16
14
12
10
8
6
4
2
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Наставниците ги поттикнуваат учениците да преземат одговорност кон својата работа
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Учениците со посебни потреби имаат поддршка за редовно следење на наставата во училиштето
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик

# 3 НАСТАВА И УЧЕЊЕ

| | |
|---|---|
| Планирање на наставниците | Наставниците за реализација на наставната програма подготвуваат годишни тематски планирања и подготовки за наставен час со сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часоот (цели на часот, активности, ресурси, евалуација, вклучувајќи ги и часовите за повторување и утврдување). Во планирањето наставниците имаат внесено еколошки содржини согласно еколошката програма.<br>Директорот и стручната служба најмалку двапати во едно полугодие го следат и даваат поддршка на планирањето на наставниците според пропишаните приоди и утврдените процедури. Во текот на изготвувањето на плановите, без разлика дали тоа е на глобално или на индивидуално ниво, наставниците имаат целосна поддршка од директорот и претставниците на стручната служба.<br>За успешна реализација на предметните програми, главна улога имаат добро подготвените и реализирани индивидуални планирања на наставниците. Со овие индивидуални планови на наставниците се постигнуваат целите и се остваруваат задачите на секоја предметна програма.<br>Индивидуалните планирања всушност претставуваат изготвување на годишните и тематските планирања и дневните подготовки на наставниците за секој наставен предмет.<br><br>Наставниците индивидуално ги подготвуваат овие планирања, но доколку имаат потреба од стручна помош, претставниците од стручната служба и директорот на училиштето им стојат на располагање. Секој наставник е задолжен своите индивидуални планирања да ги постави и на преносниот компјутер за кој е задолжен. Со ова се овозможува целосна транспарентност на овие документи, односно учениците навремено и во целост се запознаваат со текот, начинот и динамиката со која ќе се спроведува наставата за секој предмет.<br>Значењето на овие планирања е големо, особено што со нив доаѓа до израз креативноста на наставникот, односно неговата способност да го направи часот интересен за учениците, да го привлече нивното внимание и секако да го зголеми интересот на учениците за продлабочување на знаењата и вештините.<br>Планирањето на наставата е активен процес во кој наставниците го користат своето искуство, односно го пренесуваат на помладите колеги, ги вградуваат барањата на учениците кои ги забележале во текот на минатите учебни години. Покрај ова, во планирањето наставниците ги користат и новите сознанија стекнати преку современата технологија, размената на искуствата во рамките на стручните активи, регионалната соработка со други училишта и слично.<br>Секоја учебна година во училиштето започнува со целосно подготвен распоред на часови.<br><br>На крајот на секоја учебна година, поточно секој јуни на наставничкиот колегиум се врши распределба на часови и класни раководства по наставници, а во летниот период се подготвува распоредот на часови од една страна, а од друга |

| | |
|---|---|
| | страна, наставниците ги подготвуваат глобалните и тематските распределенија за наставните програми кои ќе ги реализираат во следната учебна година. |
| Годишна програма за работа на училиштето,<br><br>Непосреден  увид во документацијата,<br><br>Распоред на часовите<br><br>Извештај од активи | СУГС Гимназија „Раде Јовчевски- Корчагин“ години наназад се наоѓа во општина Центар. СУГС Гимназија ,,Раде Јовчевски- Корчагин’’  со својата работа започна во 1960 година. Вкупниот број на ученици во сите четири години во учебната 2023/2024 година изнесуваше - во 32 паралелки.<br>Освен училишната зграда, гимназијата располага и со училишен двор од вкупно 6779м² со зелена површина и  спортски терени за фудбал, кошарка и ракомет.<br>За поквалитетна и попродуктивна настава, Гимназијата располага со повеќе наставни помагала и дидактички материјали. За организирање на покреативна настава, од техничката опрема, училиштето е опремено со компјутери, компјутер во секој наставнички кабинет |

| | |
|---|---|
| | компјутери во наставничката канцеларија, лаптопи, таблети, печатачи со скенер и фотокопири, смарт табли, проектори, проекциони платна, мултимедијално опремена училници од кинеска донација, опремени кабинети по предметите биологија, хемија и физика, радио касетофони, глобуси и географски карти.<br>Опремени се 2 кабинети за информатичките предмети. Обезбедена е интернет конекција за целото училиште, со кабловски и безжичен интернет. Реновирани се наставничките кабинети и опремени со ИТ опрема, печатачи и скенери.<br>Набавени се средства, наставни помагала во зависност од барањата и потребите на активите и наставно образовниот процес. Набавен е нов мебел и направена е обнова на постоечкиот.<br>Во целата зграда постојат добри предуслови за затоплување за време на грејната сезона.<br>Големината на училниците речиси целосно ги задоволува критериумите за изведување на наставата. Минатата година обновен е просторот пред влезот на училиштето, а дополнет е и со хортикултурни уредувања.<br>Во училишната зграда функционираат и простории за: управа, администрација, простории за педагошка служба.<br>Постојните капацитети на училиштето може да ги користат учениците и вработените. Училишната зграда е во целост оградена и хортикултурно уредена, а околу неа сè уште има одредено движење на жители од локалната заедница што знае понекогаш да влијае на наставата.<br>Санитарните простории во целост одговараат за потребите на учениците, така и за потребите на вработените т.е. наставниците.<br>VI- 1 Училишниот инвентар е безбеден ,пријатен и поттикнувачки со 22,6% делумно не и 6% целосно не .<br>Оштетените табли да се заменат со нови табли .Професорите по Географија дискутираа за потребата од кабинетска настава ,како би можеле картите ,глобусите и останатите надгледни средства да не се оштетуваат. Исто така беше нагласено и според финансиските можности на училиштето да се стави шкафче со клуч по училниците.<br>VI- 2 Мебелот и опремата одговараат на воспитно образовноте потреби |

| | |
|---|---|
| | Според финансиските можности на училиштето постепено да се исфрла стариот и оштетен инвентар и да се заменува со нов.<br>VI -3 Количеството и современост на наставните помагала овозможуваат квалитетно одвивање на наставата.<br>Наставниците нагласија дека имаат нови смарт табли но дека е потребна дополнителна обука<br>- како би можеле да ги користат. Истовремено нагласија дека секој наставник е обезбеден со личен<br>лап топ.<br>VI-4 Односот помеѓу големината на просторот и класовите оговара на потребните стандарди<br>VI-5 Наставниците имаат соодветен работен простор<br>Во однос на овие две точки наставниците по географиза м-р Цвета Ѓоргиевска и м-р Весна<br>Томовска се изасниа за потребата од воведуваье на кабинетска настава.<br>VI-6 Учениците имаат соодветен простор за опште ствено полезни активности 12,3% (Делумно Не )<br>VI-7 Училиштето располага со доволно финански средства за квалитетна работа<br>Став на наставниците е дека училиштето располага со спортски капацитети кои ги издава .Може да се изнадат начини за подобруванье на финансиска состо;ба преку издаванье на дел од училишните капацитети што и досега се прави.<br>VI-8 Училишната библиотека е доволно опремена<br>Наставниците утврдија дека во однос на анкетата тука училиштето е многу слабо оценето и намногу се отвори дискусиа во однос на оваа точка .Професорите по биологиа Снежана Пеловска потенцираки го своето поранешно работно искуство во библиотека потребно е да се формира посебна просторија како читална. На тоа се надоврза и професорката Елизабета Дадиќ Николовска коа даде предлог да дел од библиотечниот фонд да се дигитализира. Некои<br>материјали да постојат и во Аудиовизуелен формат. Свое мислење даде и професорката по хемија Гордана Геческа која предложи во библиотеката да постоат и збирки задачи и |

| | |
|---|---|
| | стручна литература по останатите предмети. Се надоврзаа и останатите професори кои предложија да се направи и анкета со учениците. Со што би се направил список со набарани книги ,а училиштето врз основа на финансиските средства постепено да го обновува библиотечниот фонд. Со тоа ке допринесеме да се зголеми интересот за читање на учениците што воедно на нас наставниците ни е заедничка цел.<br>VI-9 Распределбата на финансиските средства одговара на образовно воспитните цели и приоритети на училиштето со 63,2 % делумно да и 21.1% целосно да .<br>Наставниците дадоа свое мислење, потврдувајќи дека навистина во училиштето финансиските средства правилно се распределени наведувајќи ги новите смарт табли по училниците .Изградбата на лифт и нелизгачки пластицифирани делови од подот.<br>VI -10 Во училиштето има доволно наставници за реализациа наставните планови и програми. ( до над 90 % Целосно и делумно Да )<br>Во однос на ова прашанье надобро сме оценети, резултатите покажуваат дека училиштето има доволен бро на наставници кои успешно ги исполнуваат своите обврски како наставници.<br>Наставниците се вклучија во дискусиј во однос на долгото губење на часови да бидат ангажирани заменски професори или да бидат вклучени асистенти или апсолвенти или пак да постои интерен договор мегу предметните наставници во согласност со законските рамки.<br>VI -11 Наставниците се способни да работат со деца со посебни потреби<br>Со оглед на фактот што според анкетата 24 % е со делумно Не и 7 % со целосно Не<br>Наставниците се задржаа на ова прашаье и заседоа став дека е потребна континуирана соработка со дефектологот во училиштето. Професорката по биологиа Елизабета Дадиќ Николовска нагласи дека е многу важно конкретно за индивидуален ученик ,да се има обука каков пристап е потребен за то ученик.<br>VI -12 Наставниците ефикасно придонесуваат во работата на училиштето, како и во спроведувањето на училишните активности<br>Со оглед на тоа што според анкетата само 10 % се со делумно не) наставниците се изјаснија дека со тоа се покажува дека наставниците се ефективни во својата работа но би можеле уште малку да се подобрат.<br>VI -13. Училиштето овозможува соработка помегу наставниците и надворешни стручни |

| | |
|---|---|
| | лица во работата со учениците.<br>VI -14 Вработените кои не се во наставата им помагаат на наставниците, родителите и учениците во административни и други работи.<br>Во однос на овие две точки наставниците изјавија дека наставниците соработуваат со своите советници по соодветни наставни предмети и дека одлично се соработува со стручната служба во училиштето, педагог ,психолог и дефектолог.<br>VI -15 Наставниците имаат можност за постојано стручно усовршување.<br>VI -16 Целите за стручно усовршуваье на наставниците се познати и асно дефинирани<br>Во врска со двете точки наставниците се изаснија секоја година најмалку се посетуваат по две обуки. Целите барем на нас ни се засно дефинирани. Може да се направи интерна анкета преку која наставниците ќе можат да се изјаснат за потребите од соодветна област на обука за професионално усовршуванье.<br>VI -17 Нововработените постепено се доведуваат во работата и имаат постоана поддршка и надзор.<br>Резултатите од анкетата покажуваат дека младиот наставен кадар брзо и лесно се адаптираат во наставниот процес.<br>VI -18 Вработените во училиштето и членовите на У.Одбор се запознаени со начинот на распределба и<br>VI-19 Распределбата на финансиските средства одговара на образовно воспитните цели и приоритети на училиштето.( со 63,2 % делумно да и 21.1 % целосно да)<br>Наставници дадоа свое мислење, потврдувајќи дека навистина во училиштето финансиските средства колку е во можност правилно се распределени ,наведувајќи ги новите смарт табли по училниците .Изградбата на лифт и нелизгачки пластицифирани делови од подот. Лап топ за секој наставник итн. |

## 6.2 Наставни средства и материјали

| **Теми** | - **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>- **Училишна библиотека** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Анкета со наставници,<br><br>Разговор со Директор,<br><br>Увид во библиотечната евиденција,<br><br>Разговор со одговорното лице за библиотека,<br><br>Разговор со учениците,<br><br>Записници од стручни активи (Претседатели на активи, Директор) | Покрај задолжителните учебници и работни тетратки со предвидените теми, за секоја учебна година, учениците имаат на располагање стручна литература што ја користат при изработка на проекти и задачи. Потребните информации се достапни во: енциклопедии, речници, интернет мрежата. Останатите наставни средства и помагала се насочени најчесто кон предметите по биологија, хемија и физика. Тоа се најчесто пластифицирани фотографии во поголеми димензии, графички изработени по најсовремена технологија. Потоа следуваат хамерите на кои учениците сами ги претставуваат своите уметнички дела и експерименти. |
| Годишна програма (архива, сектор),<br><br>Анкетно прашање на ученици | Дел од наставата по општествените и природните науки се одвива во училниците со мултимедијална опрема. Во нив се организира групно гледање на филмови снимени според романи кои се задолжителна лектира, потоа реализација на документарни<br>Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, материјали за практична работа, аудио-визуелна и ИКТ опрема и континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и истите ефективно и ефикасно ги користат во наставата и учењето. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет, а освен мрежна, има потполна покриеност и со безжичен интернет.<br>СУГС Гимназија „Раде Јовчевски - Корчагин“ – Скопје има своја библиотека. Учениците во консултација со професорите го користат фондот во зависност од нивните потреби. Се води |

| | |
|---|---|
| | библиотечна евиденција. Библиотеката расолага со 21.633 книги. |

## 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар

| **Теми** | - **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>- **Ефективност и распоредување на кадарот**<br>- **Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**<br>- **Соодветност и распоредување на наставниот кадар и стручната служба во вклучување и реализација на еколошката програма** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Увид во досиејата на вработените,<br><br>Увидот во Правилникот за систематизација,<br><br>Разговор со Директорот и наставниците,<br><br>Годишна програма за работа на училиштето,<br><br>Годишната програма за работа на училиштето од еколошката програма;,<br><br>Програмата за работа на стручната служба,<br><br>Тематски планирања на наставниците со вметнати содржини од еколошката програма,<br><br>Програма за работа на еко-одбор, | Управувањето на училиштето го водат Директорот и двајца раководители на смена.<br>Стручни соработници: педагог, психолог, дефектолог и библиотекар, кои им помагаат на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба е секогаш отворена за соработка.<br>За остварување на работните задачи и воспитно-образовните цели на училиштето ангажиран е наставниот кадар и тоа:<br>Раководен орган во учиштето е директорот,<br>По еден раководител на смена,<br>Стручни соработници: педагог, психолог, дефектолог и библиотекар, кои им помагаат на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба е секогаш отворена за соработка.<br>Наставата ја реализираат 62 наставници со соодветно високо образование.<br>Административно техничките работи ги водат: секретар, благајник, домаќин, училишен хаус – мајстор, 2 ноќни чувари и 9 хигиеничарки. |

| | |
|---|---|
| ЕМИС и ХРМ системи | |

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

| **Теми** | - **Професионален развој на наставниците** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Разговор со стручната служба, наставниците и Директорот,<br><br>Програма за професионален развој на наставниот кадар,<br><br>Листи од спроведени интерни обуки | Во училиштето се идентификуваат потребите на наставниците за професионален развој. Училиштето на наставниците им овозможува учество на сите обуки и семинари кои се организираат од страна на Министерството за образование и Бирото за развој на образование, исто така иницирани од локалната заедница со поддршка од Градот Скопје. Кога е соодветно, училиштето ангажира специјализирани наставници или експерти во соодветната област кои ефективно работат со наставниот кадар од училиштето. Во училиштето веќе е пракса оние наставници кои ги посетувале обуките и семинарите да ги пренесат стекнатите искуства, знаења и вештини на другите наставници (дисеминација).<br>Училиштето определува менторство на нововработените и менторот му помага на приправникот при изготвување на Годишна програма, му помага и го упатува наставникот како полесно да се вклучи и адаптира во наставно-образовниот процес. |

## 6.5 Финансиско работење на училиштето

| **Теми** | - **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| програма за работа на училиштето (Архива, Директор, Секретар), | Целокупното финансиско работење на училиштето е во согласност со законските норми. Со финансиското работење Директорот и Училишниот одбор изготвуваат план за рационално |

| **Теми** | - **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Разговор со наставниците,<br><br>Записници од Одлуки на Управата на училиштето (Архива) | користење на расположливите финансиски средства. Дел од тие средства се наменети за тековни потреби а тоа се: набавка на потрошен материјал, обнова на уништен инвентар, печатење на рекламен материјал. Задачата на директорот е постојано да го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие увид во финансиското работење на училиштата. Во текот на годината директорот исто така редовно подготвува статистички годишен и тримесечен извештај за завршната сметка на сите приходи и расходи. Освен за најнеопходните тековни потреби на училиштето дел од средствата на училишниот буџет се користат и за дополнителни цели кои го подобруваат квалитетот на воспитно-образовниот процес. |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | - Училишниот простор ги исполнува стандардите за изведување на настава<br>- Заменета кровна конструкција, прозорци и нова фасада со цел енергетска ефикасност<br>- Набавени се нови столици за во кабинетите и наставничката канцеларија<br>- Во училиштето функционира и настава по меѓународна матура.<br><br>- Училиштето навремено обезбедува потрошен материјал за непречено одвивање на наставата<br>- Доволен број на соодветни наставници за непречено одвивање на наставата<br>- Стручната служба обезбедува поддршка на наставниците во организирање и изведување на наставата<br>- Посветување на посебно внимание кон приправниците<br><br>- Дел од средствата на училишниот буџет се користат и за дополнителни цели кои го подобруваат квалитетот на воспитно – образовниот процес<br>- Директорот постојано го следи наменското трошење на буџетот со цел да добие увид во финансиското работење на училиштето |
| Слаби страни | - Потреба за слободна читална во секој момент<br>- Недоволни нагледни средства и опременост на кабинетите. |

| | |
|---|---|
| | - Недостиг на просторија за состаноци<br>- Потреба за обука и професионален развој по одделни предмети на вработените во училиштето<br>- Средствата наменети за тековни потреби не секогаш се доволни за потребите на училиштето |

## 6.6 Анализа на анкета – ресурси







Училишната библиотека е доволно опремена
20
18
16
14
12
10
8
6
4
2
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Учениците имаат соодветен простор за општествено полезни активности
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Наставниците имаат соодветен работен простор
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Односот помеѓу големината на просторот и класовите одговара на потребнте стандарди
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Мебелот и опремата одговараат на воспитно-образовните потреби
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Училиштето располага со доволно финансиски средства за квалитетна работа
20
18
16
14
12
10
8
6
4
2
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Количеството и современост на наставните помагала овозможуваат квалитетно одвивање на наставата
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Распределбата на финансиските средства одговара на образовно воспитините цели и приоритети на училиштето
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Во училиштето има доволно наставници за реализација на наставните планови и програми
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Наставниците се способни да работат со деца со посебни потреби
20
18
16
14
12
10
8
6
4
2
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Наставниците ефикасно придонесуваат во работата на училиштето, како и во спроведување на училишните активности
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Училиштето овозможува соработка помеѓу наставниците и надворешни стручни лица во работата со учениците
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Вработените кои не се во наставата им помагаат на наставниците, родителите и учениците во административни и други работи
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Наставниците имаат можност за постојано стручно усовршување
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Целите за стручно усовршување на наставниците се познати и јасно дефинирани
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик


Новovработените постепено се доведуваат во работата и имаат постојана поддршка и надзор
30
25
20
15
10
5
0
Целосно ДА
Делумно ДА
Делумно НЕ
Воопшто НЕ
Наставник
Родител
Ученик

УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

## 6.7 Управување и раководење со училиштето

| **Теми** | - **Управување со училиштето**<br>- **Раководење со училиштето** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Деловник за работа на училишниот одбор,<br><br>Годишна програма за работата на училиштето,<br><br>Закон за средно образование,<br><br>Дневник за работа на Училишниот одбор,<br><br>Програма за работа на Директор. | Училишниот одбор (УО) е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. УО брои 12 члена и тоа: 4 членови од редот на наставниците, 3 од Советот на родители, 3 претставници од основачот, еден од МОН и еден претставник од деловната заедница. Работењето и надлежностите на органот на управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО, програмата за работа на Училишен одбор, Статутот на училиштето, во кои се содржани сите законски и статутарни обврски. Состаноците и донесување одлуки се одржуваат со мнозинство на членови. Членовите се известуваат писмено, со покани, најмалку два дена пред одржување на состаноците. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. |
| План за развој на училиштето,<br><br>Програма за работа на стручните соработници,<br><br>Записници од состаноците со активите,<br><br>Одлуки за формирање на тимови и комисии, | Тимот од УО има воспоставено партнерски односи со директорот на училиштето, стручната служба, наставниците и други заинтересирани страни, како родители, ученици и локална самоуправа.<br>Училишниот одбор како највисок орган на управување функционира според определена динамика за работа, а реализираните седници произлегуваат од потребите во функција на квалитетна организација на работата на училиштето и тоа: |

| | |
|---|---|
| Статут на училиштето,<br><br>Записници, одлуки и извештаи од работата на Училишниот одбор,<br><br>Самоевалуација,<br><br>Интервју со УО,<br><br>Интервју со директорот,<br><br>Прашалник за УО,<br><br>Информирање на вработените за одлуките на УО - записници од наставнички совет | Предлага Годишна програма за работа на училиштето за тековната година до Советот на општината;<br>- Усвојува Полугодишен и Годишен извештај за работа на училиштето;<br>- Донесува програма за развој на училиштето;<br>- Донесува програма за воведување на повисоки стандарди за работата на училиштето;<br>- Предлага финансиски план;<br>- Предлага годишна програма за јавна набавка;<br>- Предлага Финансиски план и Завршна сметка до основачот;<br>- Планира и донесува одлуки за набавка на основни средства;<br>- Дава мислење до директорот за избор на наставници и стручни соработници;<br>- Утврдува мерки за подобрување на условите за работа во училиштето;<br>- Одлучува по жалби на вработени, ученици и родители;<br>- Решава за потребни мерки на безбедност на училиштето;<br>- Соработува со Советот на родители;<br>- Избира постојани и привремени комисии;<br>- Разгледува други прашања утврдени со Статутот на училиштето;<br>- Училишниот одбор води записник за својата работа и во него се внесуваат сите важни елементи од седницата како и донесените одлуки и заклучоци. Записниците се усвојуваат на следната седница, а потоа се заведува во деловодникот. Усвоениот и заведен записник од седницата претставува правна основа за постапување како на Училишниот одбор така и на директорот, стручните служби, наставниците и другиот персонал во училиштето<br>- Заклучоците кои се донесуваат на состаноците, јавно се истакнуваат на огласна табла, со цел да се покаже јавност и транспарентност во работата на овој орган на управување на училиштето.<br>- Директорот на училиштето е раководниот орган на училиштето. Тој ја следи организацијата и реализацијата на воспитно–образовната и другата стручно-педагошка работа во училиштето. Директорот објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата пракса што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, кој се заснова на знаења и вештини, вклучувајќи и способност за ефективно делегирање, комуницира и раководи со вработените и се грижи за нивно перманентно |

| | |
|---|---|
| | стручно усовршување.<br>- Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците, осовременување на наставната технологија, создавање креативна средина за настава и учење, следење на развојниот план, вклучување на наставниците и стручните соработници во развојните политики и промовирање добри училишни практики.<br>- Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница.<br>- Покрај органот на управување и раководниот орган, во училиштето работат и стручни органи и тела Наставнички совет, Советите на години, Стручни активи и раководители на паралелки.<br>- За успешно функционирање и организирање на работата во училиштето донесени се законски и интерни правилници. |

## 6.8 Цели и креирање на училишна политика

| **Теми** | - **Јасност и соодветност на целите**<br>- **Процедури за креирање на училишна политика** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Годишна програма за работата на училиштето,<br><br>Закон за средно образование,<br><br>Дневник за работа на Училишниот одбор,<br><br>Програма за работа на Директор,<br><br>Програма за работа на стручните соработници, | Целите на училиштето се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите и се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика.<br>По спроведените анкети и интервју со директорот, наставници, родители и ученици се констатира дека целите пред се, се јасни и фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. |

| | |
|---|---|
| Записници од состаноците со активите, | |
| Одлуки за формирање на тимови и комисии,<br><br>Статут на училиштето,<br><br>Записници, одлуки и извештаи од работата на Училишниот одбор,<br><br>Самоевалуација,<br><br>План за развој на училиштето,<br><br>Интервју со УО,<br><br>Интервју со директорот,<br><br>Прашалник за УО, | Училиштето во голема мера се грижи за заштита на животната средина, нуди проекти за соработка, реализира еко-акции, соработува со учениците на ниво на едукација но и делување на учениците во насока на зачувување на животната средина и сопственото здравје. Со цел еколошките теми да бидат поприсутни во наставата се преземаат мерки предвидени со годишната програма за работа на училиштето, со дополнување на наставните планови на наставниците со еколошки содржини, акции за засадување на садници, еко патроли, поттикнување на учениците креативно да се изразуваат на тема екологија и негување на духот на учениците за здрава животна средина.<br>Примената на ИКТ во наставата се цени како позитивна и постои напредок во остварувањето на наставните цели предвидени во наставните програми и планови. Училиштето има обезбедено редовен систем на контрола на дневните подготовки и одржување на часовите од аспект на користење на ИКТ и интерактивна настава како обврска согласно Законот за средно образование.Училиштето преку едукација за компјутерска етика превзема мерки во насока на подигнување на општествената свест кај учениците за одговорно чување на компјутерите како државен имот. |
| Записници од наставнички совет,<br><br>Записници од Совет на родители,<br><br>Правилник за наградување на учениците,<br><br>Записници од состаноците на активите,<br><br>Акциони планови,<br><br>Записници од родителски средби,<br><br>Годишни планирања за додатна и дополнителна настава, | Општа цел на училиштето е да го оспособи ученикот да го примени стекнатото и тековното знаење во разни области од човековото живеење,што е воедно во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Учениците да се здобијат со потребни знаења, умеења и навики од одредени научни дисциплини усвојувајќи знаења за продолжување на образованието или вклучување во процесот на трудот, односно да обезбеди основа за доживотно учење.<br>Поставените цели придонесуваат за подобрување на постигањата на учениците преку реализација на следниве задачи :<br>- континуирано оценување на учениците со примена на различни методи и техники<br>- навремено регулирање на изостаноците и изрекување педагошки мерки<br>- интензивирање на соработката помеѓу родителите, раководителите на паралелките, наставниците и стручните соработници<br>- следење на отсуствата од настава<br>- анализа на причините за отсуства од настава |

| | |
|---|---|
| Годишни планирања за проектни активности | - советодавни разговори со учениците и родителите<br>- заклучоци и предлог мерки<br>- реализација на наставната програма и интегрирање на содржини од еко стандардите<br>- оспособување на учениците за критичко размислување и активно дејствување во околината.<br>- развивање навики за штедливост и економичност во користење на природните ресурси<br>- развивање на еколошката свест кај младите<br>- интегрирана настава во училиштето преку есеи, проекти, решавање на задачи, вклучување на учениците во спортски манифестации и вonнаставни активности<br>Учениците преку низа активности, а пред се со подобрување на успехот и редовноста активно учествуваат во реализирањето на целите и успешноста на училиштето. Соработката со учениците се базира на основната потреба ученикот да се третира како личност, да се почитува неговото мислење и да му се даде можност да ги искажува своите воспитно - образовни потреби.<br>За учениците кои имаат потешкотии во учењето во текот на учебната година се организира дополнителна настава.<br>Учениците кои се упатени на поправен испит по завршувањето на наставната година посетуваат продолжителна настава.<br>За учениците кои ќе покажат зголемен интерес за одделни научни и наставни содржини организирана е додатна настава преку која ќе се обезбеди проширување и продлабочување на содржините на одделни предмети и подрачја.<br>Слободните ученички активности придонесуваат за ангажирање и поттикнување на индивидуалните способности, задоволување на интересот на учениците, развивање на колективната свест како и збогатување на општествениот живот и рекреација на учениците.<br>Воннаставните активности се можност за креативно изразување на учениците во области за кои покажуваат поголеми афинитети. Освоените награди и признанија се еден од показателите за успешност на училиштето.<br>Во училиштето се води политика на взаемна толеранција поврзана со поведението и дисциплината, сузбивање на насилничкото однесување на учениците и дискриминација од секаков вид. Ваквите евентуални појави се санкционираат со примена на одредбите од Законот за средно образование, Правилникот за педагошки мерки и Статутот на училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Соработката на стручните соработници со учениците, наставниците и родителите придонесува за подобро решавање на сите појави кои се однесуваат на напредокот на училиштето.<br>Училиштето има извонредна соработка со родителите која се одвива преку : родителскиот одбор, родителски средби, индивидуални контакти и соработка со стручните соработници.<br>Обврските и задолженијата на вработените се јасно прецизирани и навремени, а тоа придонесува за поголема ефективност и успешност на училиштето.<br>Вработените се карактеризираат со стручност, квалификации и професионалност.<br>Сите вработени активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на поставените цели.<br>За се она што е реализирано придонесува работната атмосфера во училиштето која е позитивна благодарејќи на колегијалноста и професионалноста на директорот, раководниот тим, наставниците и стручните соработници. Вработените активно учествуваат во креирањето и ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид мислењата на родителите и на учениците. |

## 6.9 Развојно планирање

| **Теми** | - **Цели на развојното планирање**<br>- **Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br>- **Материјално технички средства**<br>- **Инфраструктура** |
|---|---|
| **Извори на податоци** | **Кои информации се добиени** |
| Годишна програма за работата на училиштето,<br><br>Програма за работа на Директор,<br><br>План за развој на училиштето, | Составен дел на развојниот план на училиштето се сите елементи потребни за реализација на воспитно - образовниот процес, поткрепени со јасната мисија и визија на училиштето, целите, задачите и активностите на евалуацијата. Планот за развој предвидува:<br>- Промовирање на мултикултурализам и зајакнување на меѓуетничката интеграција меѓу учениците во воспитно образовната работа |

| | |
|---|---|
| Програма за работа на стручните соработници,<br><br>Записници од состаноците со активите, Одлуки за формирање на тимови и комисии,<br><br>Записници, одлуки и извештаи од работата на Училишниот одбор,<br><br>Самоевалуација,<br>Интервју со УО,<br><br>Интервју со директорот,<br><br>Финансиски план на училиштето,<br>Извештај од реализацијата на финансискиот план, | - Организарање на предавања за учениците за здравјето и безбедноста на учениците<br>- Промоција на училиштето, со цел запишување на поголем број на ученици<br><br>Во развојните цели јасно е дефинирана промената кон која стремиме како и придобивките од неа. Сите приоритетни области кои се обработени во развојниот план потекнуваат од проценката на состојбата во училиштето. Во нив се презентирани носителите на активностите, чекорите и времето на реализација.<br>Сите вработени во училиштето се информирани за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Позитивните придобивки се резултат на стручност, професионалност и ангажираност.<br>Потребата од кариерен и професионален развој на стручниот кадар во училиштето е секогаш присутна. Таа се состои од учество на обуки, семинари, конгреси и курсеви но и перманентно следење на современа стручна литература и усогласување во методолошкиот приод во реализирање на наставата. |
| Прашалник за УО,<br><br>Записници од наставнички совет,<br><br>Годишен извештај за работата на училиштето,<br><br>Записници од Совет на родители,<br><br>Записници од состаноците на активите,<br><br>Акциони планови,<br><br>Годишен план и извештај за работата на | Примената на стекнатите знаења континуирано се следи од директорот и раководниот тим. Раководниот орган перманентно ги следи сите законски промени во доменот на образованието и ги почитува сите укажувања од Просветниот инспекторат, Бирото за развој на образованието и секоторот за средно образование при МОН. Училиштето обезбедува средства за обука на наставниот и ненаставен кадар.<br>Континуирано се реализираа обуки и семинари за директорот, стручната служба, наставниците и административен кадар, со што се стекнуваа со нови знаења и професионално се усовршуваат и надоградуваат. По извршените обуки се утврдуваат придобивките, се вршат дисеминации на другите наставници и воедно се следи нивната реализација.<br>Материјално - техничките средства се значаен фактор за успешно реализирање на воспитно - образовните цели и задачи.<br>Опременоста со наставни средства, помагала и материјали придонесува за зголемување |

| | |
|---|---|
| училишната библиотека,<br><br>Извештаи за реализирани активности и проекти поддржани од Град Скопје. | на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати.<br>Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во развојниот план на училиштето. Училниците и кабинетите се опремени со голем дел од наставните средства. Училиштето ќе продолжи со доопремување на кабинетите и замена на нефункционалните со нови. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Воедно, училиштето обезбедува и средства за нивно одржување и врши замена на дотраените или нефункционални технички уреди со цел поуспешно реализирање на наставата, користејќи и ИКТ во наставата.<br>Училишната библиотека располага со литературни и лектирни изданија.<br>Во последните неколку години литературните изданија редовно се обновуваат, така што и во следните години ќе се продолжи со набавка на лектирни изданија и стручна литература.<br>Осовременувањето на инфраструктурата е приоритет на училиштето. Воспитно - образовната дејност во училиштето се одвива во една училишна зграда со 18 училници, 2 кабинета по информатика со интернет конекција, градина, библиотека, училишна спортска сала, училишен двор со спортски терени, наставничка канцеларија, 5 административни канцеларии, кабинети и други помошни простории.<br>Секоја учебна година ја започнуваме во простории кои од функционален, естетски и хигиенски поглед се на високо ниво.<br>Секоја година, во континуитет се ревидира планот за подобрување на инфраструктурата преку самоевалуација каде ја согледуваме состојбата, ги планираме активностите и времето на реализација. |

| | |
|---|---|
| Јаки страни | - Јасно поставени цели<br>- Професионален однос кон работата<br>- Раководниот орган има можност за објективна оценка на квалитетот на вработените<br>- Раководниот орган има можност да ја промовира тимска и практична работа во училиште<br>- Континуирано подобрување на инфраструктурата на училиштето |

| | |
|---|---|
| | - Солидна соработка со локалната самоуправа<br>- Постигањата на учениците и промовирањето на училиштето се приоритет |
| Слаби страни | - Брзи промени во образовниот систем и појава на потешкотии во прилагодување кон истите<br>- Потреба од обуки за наставниот кадар кои ќе бидат во насока на воведување на иновативност во наставата. |